Пункција на вена

Центар за семејна медицина
Медицински факултет Скопје

Цел: да научат да земаат крв од вена

- **Задачи:**
- **Да знаат да го набројат основниот медицински материјал за правилно изведување на венепункција**
- **Да се демонстрира техниката и клучните точки за правилна венепункција**

- **Направат правилно венепунција**
- **Да земат крв за анализа**
- **Да дадат интра венска терапија**

Потребен материјал:

- **Сет за венепункција (игла, шприц, епрувети, вакутајнер) или сет за инфузија зависно што се прави и за каква анализа се зема крв**
- **Ракавици за еднократна употреба**
- Tourniquet /езмархова подвеска
- **Тупфери**
- **Алкохол 70%**


Safety Needle System, Female Adapter
Luer Adaper
VACUTAINER
Safety Release Hubs



Чекор 1

Едуцирај го пациентот

- Земање крв на гладно (дали има влијание утринското кафе, вода, сок или вечерен оброк пред земање крв на состојките на крвта земена за анализа)
- Зошто се дава и.в. терапија

Чекор 2

Подготви ја опремата за венепункција

- Идентификувај го пациентот (амбулатно или болнички – име, презиме, матичен број)
- Уредно водете документација (Кој земал крв или правел венепункција, во колку часот, за која цел)
- Објасни ја постапката на пациентот и ризикот од боцкање

Чекор 3

Подготовка

- Стави ракавици
- Дезинфицирај ја раката на пациентот
- Прашајте го дали до сега му е земана крв или дали примал инфузија
- Кажете му што ќе правите
- Одберете соодветен медицински материјал за венепункција

Чекор 4

Техника на венепункција

- Поставете Tourniquet (Езмарх) на сса. 10 см над Fossa cubitalis
- Кажете му на пациентот да испумпа 3 пати со шаката
- Палпирајте ги површинските вени и одберете ја најпогодната по пристап, големина, длабочина и правец (во регијата да нема оштетувања на кожата, лузни, инфекција итн.)
- Направете блага ротација на раката ако не го гледате јасно венскиот цртеж
- Одберете ја најголемата и нај пристапната вена

Чекор 5

Доколку не можете да најдете вена


- Повторно поставете Tourniquet на истиот начин
- Кажете му на пациентот да испумпа 3 пати со шаката но внимавајте да не направи хемоконцентрација
- Да је чува раката на ниво пониско од срцето 1 – 3 минути
- Затоплете го местото со масирање
- Побарајте помош од колега

Чекор 6

Вени на избор

- Vena Cubitalis Mediana – прв избор (добро поставена и заштитена од поместување)
- Vena Cephalica – втор избор
- Vena Basilika – трет избор, нај изразена, но најчесто се поместува и ја отежнува венепункцијата

Д а се нагласи каде не смее да се прави венепункција заради ризик од повреда на нерви


Fascia covering biceps brachii
Cephalic vein
Lateral antebrachial cutaneous nerve
Median antebrachial vein
Cephalic vein
Medial antebrachial cutaneous nerve
Basilic vein
Cubital lymph node
Median cubital vein
Basilic vein
Perforating vein
Bicipital aponeurosis

Чекор 7

Венепункција

- Дезинфекција со 70% алкохол на кубиталната јама и околината. Ако тупферот е многу извалкан, повторете ја постапката на дезинфекција може да се замоли да се измие со вода и сапун пред пункцијата (повреди на работа, несреќи итн)
- Не палпирајте (ако палпирате, пак пребришете)
- Дезинфицирајте бришејќи од центарот (местото планирано за пункција) кон периферијата во кружни движења. Почекајте да се исуши алкохолот! После тоа може да пристапите кон пункција.
- Земете стерилна игла или подгответе сет за венепункција или инфузија
- Пласирајте ја иглата под агол од 15-30 степени во луменот на вената
- Ако потече крв тоа значи дека сте во вена
- Земете крв за анализа во претходно припремените епрувети или вакутајнери ако пунктиравте за таа цел

Чекор 8

Завршување на постапката

- Ослободете го Tourniquet со една рака (не смее да стои подолго од 1 минута) со исполнување на последната епрувета или вакутајнер
- Ставете ја епруветата на сигурно
- Земете тупфер со 70% алкохол и поставете го над иглата
- Брзо извадете ја иглата
- Притиснете го местото на пункција со тупферот

Чекор 9

Обезбедете го пациентот, местото и подгответе го материјалот за анализа

- Исфрлете го употребениот потрошен материјал во канта за медицински отпад
- Проверете ги уште еднаш епруветите и податоците и пратете ги на анализа со соодветната документација.
- Проверете го пациентот дали е сопрено крварењето на местото на пункцијата. Ако не е и по 15 минути продолжете со компресија на местото на убодот
- Заблагодарете му на пациентот
- Измијте ги рацете

Давање терапија


Постапката на припрема на местото за интравенска инекција е исто како и за венепункција. Постапката е иста и за вадење на иглата.


После пласирањето на иглата во вената таа се фиксира и на неа се наставува со додавање на сет за инфузија или припремен шприц со лек.


Внимание: истиснете го воздухот од шприцот или системот пред да аплицирате во вена.


Лекот се администрира после фиксирање на иглата и ослободување на езмарховата повеска

ВНИМАНИЕ- Непосредно по администрирањето на лекот или во тек на апликацијата може да се појави оток на местото на убодот или во непосредна близина. Тоа е знак дека лекот оди паравенозно заради пукање на ѕидот на вената или изместување на иглата. Во таков случај треба да се прекине со постапката и да се повтори.


Image Courtesy of:
Julie Paulson-Happel, M.T. (ASCP), M.A.
Joel Carl, M.A.
Virtual Hospital






1
2